Н. ДИМОВСКИ

# СПИСАНИЕТО „ИСТОРИЈА“ И НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА[1])

Во редот на југословенските стручни списанија по своите методско-стручни квалитети видно место зазема списанието „Историја“, кое носи нови стручни зафати со стремеж да ги актуелизира и синхронизира. Тоа се афирмира не само во СРМ и другите наши републики, туку и надвор од нашата земја.

До 1965 година во СРМ не излегуваше стручно списание наменето за наставата и наставниците по историја. Потребата од таква публикација наложуваше да се започне нејзиното издавање. Голем придонес за реализирање на идејата околу издавањето на списанието дадоа Сојузот на историските друштва на СРМ, Катедрата по историја на Филозофскиот факултет и ИНИ. Списанието почна да излегува од 1965 година како орган на Сојузот на историските друштва на СРМ. Скоро една деценија тоа е присутно кај нашите историчари давајќи голем придонес во историската наука и методиката на наставата по историја. Како такво врши одредено идејно влијание на оној што го користи, врз формирањето на неговите погледи и сфаќања, ги збогатува знаењата од историјата и методиката на наставата, ја унапредува и осовременува наставно-воспитната работа во основните и средните училишта.

Од неговиот прв број многу нешта се изменија, се изменија во позитивна смисла. На првите темели и концепции чекореше напред со цврсти и сигурни чекори, совладувајќи ги сите тешкотии и пречки од финансиски, технички и организационен карактер. Благодарение на залагањето на Редакцијата, Сојузот на историските друштва и другите фактори кои влијаеја врз неговите текови, на списанието му осигурија одредено место во нашиот општествен и јавен живот.

Списанието излегува двапати годишно. Од 1965—1972 г. излегоа 15 броја, од кои еден е двоброј (1—2, 1966). Се печати во тираж од 2 000, 2 500 и 3 000, односно 3 500 примероци за

[1]) Осврт за неговата содржина со посебен акцент на рубриката Настава.

1970, 1971 и 1972 година. Досегашните броеви се отпечатени на 4 053 страници.

Списанието е прифатено од голем број читатели поради тоа што во него има квалитетни прилози од истакнати имиња на историската наука и практика кои значат многу за нашата историја, што има повеќе рубрики кои третираат разновидни прашања и проблеми, што има јасна ориентација и насочено залагање на Редакцијата. Актуелноста на тематиката што се обработува низ разновидните рубрики, што дава инструктивни упатства и сл.

Искажувањето на еден наставник на годишното собрание на Друштвото на историчарите од Прилеп во 1972 г. најдобро го илустрира односот на наставниците кон Списанието. „Го примам од неговиот прв број. Го читам со големо внимание и задоволство. Во него наоѓам повеќе работи кои ми служат во мојата теоретска подготовка и практична работа. Просто сум заљубен во неговата содржина и не можам без него".[2])

Основната цел и намена на Списанието беше и треба да биде, да служи на наставно-воспитната работа по историја, да им служи на практичарите. Еве, покрај другото, што се вели во уводниот збор на првиот број од 1965 г. за неговата тематика и визија даден од првата редакција: „Списанието е наменето за широк круг интересенти и љубители на историјата, а особено за НАСТАВНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА, во кое би ги репрезентирале постигањата и резултатите на историската наука, а особено би ги разработувале актуелните прашања на историската настава . . . Досега таа празнина кај нас во голема степен ја исполнуваше ГИНИ. Но потребно е да нагласиме дека ова списание има повеќе специјализиран карактер и во него не можеа да дојдат до израз барањата на нашиот наставен кадар во еден синтетизиран вид, да се изложат постигањата на историската наука, а уште повеќе да се разработуваат актуелните прашања од методиката на историската настава. Затоа, овој наш орган си ја поставува задачата ДА БИДЕ ТОЛКУВАЧ НА БАРАЊАТА И ЖЕЛБИТЕ НА НАШИТЕ НАСТАВНИЦИ. Освен тоа, како особено нужно се поставува разработката на местото на историјата во новиот наставен систем, актуелизирање на методолошките прашања од историјата како образовен предмет . . . ПОСЕБЕН ТРЕТМАН ВО НАШЕТО СПИСАНИЕ ИМА ИСТОРИСКАТА НАСТАВА. НА ОВАА ПРОБЛЕМАТИКА Ѝ ПОСВЕТУВАМЕ НАЈГОЛЕМ ПРОСТОР како во методски проблеми така и во осврти за најзначајни прашања од наставата, а исто така и во информи-

---

[2]) Во Прилепската општина Списанието го добиваат сите основни и средни училишта, сите наставници и професори по историја и голем број ученици. Вкупно се примаат преку 400 примероци од секој број.

рање во вид на прашања и одговори за најактуелните прашања . . ."[3])

Споменатите задачи и потреби, дадени во уводниот збор на првиот број од Списанието, и денес се актуелни. Тоа е потврдено на разни состаноци, семинари и советувања со наставниците по историја, како и на годишни собранија на друштвата и Сојузот на друштвата од СРМ.

Списанието ги содржи следниве рубрики: Статии, Прилози, Настава, Осврти, Прашања и одговори, Прилози и критики, Библиографија, Од дејноста на Сојузот на друштвата на историчарите и Хроника и белешки. Во бр. 2/70 и 1 и 2/72 г. се застапени и рубриките Културното минато и Материјали. Во освртов се задржуваме претежно на рубриката Настава, додека за останатите даваме глобален преглед.[4])

Покрај горните рубрики, Списанието носи список на соработници и оние што го растураат, а во некои броеви се пишува за јубилеи и „in memoriam".

По бројот на написите, рубриките се застапени по овој редослед:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Прикази и критики | 199 написи |
| 2. | Прилози | 124 „ |
| 3. | Хроника и белешки | 100 „ |
| 4. | Осврти | 66 „ |
| 5. | Статии | 52 „ |
| 6. | Настава | 36 „ |
| 7. | Библиографија | 20 „ |
| 8. | Материјали | 18 „ |
| 9. | Од културното минато | 13 „ |
| 10. | Од дејноста на Сојузот на историските друштва | 12 „ |
| 11. | Прашања и одговори | 6 „ |
| | Вкупно: | 646 „ |

Според бројот на напишаните страници во секоја рубрика, редоследот на застапеноста е следниов:

---

[3]) „Историја", бр. 1, 1965.

[4]) За содржината на Списанието и користењето од наставниот кадар по историја во основните и средните училишта во СРМ беше дискутирано на два состаноци на Стручниот актив на советниците по историја од СРМ во Берово и Титов Велес. Тогаш се заклучи нашите согледувања и предлози да ги изнесеме преку еден напис отпечатен во „Историја". Целта е да се укаже на некои проблеми и потреби, како и да се покрене дискусија за некои актуелни прашања од страна на практичарите и другите непосредни корисници.

# ПРЕГЛЕД НА СИТЕ БРОЕВИ СО ЗАСТАПЕНИТЕ РУБРИКИ, НАПИСИ И ОТПЕЧАТЕНИ СТРАНИЦИ

| Број и год. на спис. | Статии | | Прикази | | Настава | | Осврти | | Прашања и одговори | | Прикази и критика | | Библио-графија | | Од деј. на Сојуз. на ист. др. | | Хроника и белешки | | Од култ. минато | | Мате-ријали | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. | Нап. | Стр. |
| 1/65 | 4 | 31 | 4 | 30 | 2 | 17 | 3 | 16 | 1 | 4 | 10 | 11 | 1 | 6 | 3 | 15 | 1 | 4 | — | — | — | — |
| 2 „ | 2 | 26 | 7 | 36 | 1 | 7 | 4 | 18 | 1 | 4 | 12 | 20 | 1 | 12 | — | — | 5 | 4 | — | — | — | — |
| 1—2/66 | 3 | 52 | 10 | 76 | 4 | 28 | 4 | 26 | 1 | 4 | 10 | 24 | 1 | 16 | 1 | 6 | 4 | 3 | — | — | — | — |
| 1/67 | 4 | 64 | 7 | 36 | 2 | 22 | 3 | 16 | 1 | 5 | 20 | 41 | 1 | 22 | 1 | 16 | 4 | 4 | — | — | — | — |
| 2 „ | 2 | 26 | 7 | 36 | 1 | 8 | 4 | 18 | 1 | 4 | 16 | 34 | 1 | 14 | — | — | 6 | 3 | — | — | — | — |
| 1/68 | 2 | 72 | 9 | 36 | 2 | 20 | 5 | 48 | — | — | 15 | 30 | 1 | 4 | — | — | 8 | 12 | — | — | — | — |
| 2 „ | 4 | 74 | 7 | 62 | 4 | 26 | 6 | 34 | — | — | 9 | 24 | 1 | 10 | — | — | 6 | 8 | — | — | — | — |
| 1/69 | 3 | 28 | 11 | 118 | 2 | 16 | 11 | 84 | — | — | 14 | 40 | 2 | 14 | 3 | 11 | 9 | 15 | — | — | — | — |
| 2 „ | 4 | 52 | 9 | 74 | 2 | 12 | 9 | 56 | — | — | 13 | 30 | 2 | 10 | — | — | 8 | 7 | — | — | — | — |
| 1/70 | 3 | 48 | 14 | 117 | 2 | 16 | 4 | 26 | 1 | 4 | 12 | 32 | 1 | 14 | — | — | 9 | 20 | — | — | — | — |
| 2 „ | 5 | 96 | 6 | 70 | 3 | 26 | 2 | 16 | — | — | 16 | 43 | 1 | 18 | — | — | 7 | 6 | 5 | 30 | 5 | 40 |
| 1/71 | 3 | 62 | 10 | 112 | 2 | 20 | 4 | 26 | — | — | 14 | 54 | 2 | 12 | 4 | 28 | 9 | 14 | 4 | 30 | — | — |
| 2 „ | 4 | 52 | 9 | 122 | 2 | 24 | 2 | 20 | — | — | 14 | 48 | 2 | 10 | — | — | 6 | 20 | — | — | 4 | 36 |
| 1/72 | 4 | 41 | 6 | 74 | 3 | 18 | 2 | 4 | — | — | 14 | 34 | 1 | 10 | — | — | 7 | 12 | 4 | 30 | 5 | 64 |
| 2 „ | 4 | 60 | 7 | 90 | 3 | 30 | 2 | 18 | — | — | 10 | 33 | 2 | 10 | — | — | 11 | 25 | — | — | 4 | 48 |
| Вк. 15 | 52 | 804 | 124 | 1101 | 36 | 307 | 66 | 436 | 6 | 27 | 199 | 498 | 20 | 182 | 12 | 76 | 100 | 157 | 13 | 90 | 18 | 188 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Прилози | 1101 | страница |
| 2. | Статии | 804 | „ |
| 3. | Прикази и критика | 498 | „ |
| 4. | Осврти | 436 | „ |
| 5. | Настава | 307 | „ |
| 6. | Материјали | 188 | „ |
| 7. | Библиографија | 182 | „ |
| 8. | Хроника и белешки | 157 | „ |
| 9. | Од културното минато | 90 | „ |
| 10. | Од дејноста на Друштвото на историчарите | 76 | „ |
| 11. | Прашања и одговори | 27 | „ |
| | Вкупно | 3866 | „ |

По бројот на написите рубриката НАСТАВА стои на шесто место, а по отпечатените страници на петто. Просек оди по 2,5 написи во секој број од Списанието со по 20 страници или со написи рубриката Настава е застапена со 5,6%, а со страници 8%.

Најголем простор е даден на рубриката: Прилози, Статии, Прикази и критика, Хроника и белешки. Тие рубрики ги заземаат првите три места. Најнезастапена е рубриката Прашања и одговори. За девет години, во 15 броја на Списанието е одговорено на шест прашања на 27 страници што оди просек на 2,5 броја од Списанието по едно прашање и во секој број помалку од две напишани страници. Мораме да нагласиме дека Списанието перманентно го следи излегувањето на нови книги. Во рубриката Прикази и критика дава солидни осврти на излезените дела од историјата.

Објавените написи во рубриката Настава им припаѓаат на:

| | |
|---|---|
| — методиката на наставата по историја | 16 |
| — дидактика и организација на наставата по историја | 10 |
| — практични предавања | 7 |
| — општи прашања за наставата по историја | 2 |
| — педагогија — историја | 1 |

Кон оваа рубрика наставниците имаат најголем и посебен интерес, зашто најмногу им користи во нивната практична, наставно-воспитна работа. Од податокот може да се согледа дека недостасуваат позитивни примери и искуства, примена на современи облици, методи, форми, наставни средства и сл.

Триесет и шесте прилози, објавени во досегашните броеви, ги имаат напишано:

— наставници и професори од основните и средните училишта 18
— професори и научни работници од Филозофскиот и другите факултети 11
— професори од педагошката академија 4
— стручни соработници од историските музеи 2
— стручни соработници од Републичкиот завод за школство 1

Авторите на написите се од Скопје 26, Битола 3, Штип 3, Прилеп 1, од други републики 1, од други држави 2. Најмногу автори се од Скопје 70%. Нема написи од практичарите кои работат во селските училишта. Тие се среќаваат со најголеми тешкотии и проблеми во својата секојдневна работа и е пожелно да се пишува за тешкотиите и успесите во наставата по историја во училиштата на село кои не се малку во нашата република. Не задоволува соработката во оваа рубрика и од другите наши републики. За девет години е отпечатен само еден прилог на автор од друга република.

Написите во другите рубрики се пишувани претежно од научни работници на Филозофскиот факултет и ИНИ во Скопје како и други автори од разни места и институции.

*Редакцијата на Списанието*

Сегашната редакција е четврта по ред, избрана на последното годишно собрание на Сојузот на историските друштва од СРМ во 1972 година. Неа ја сочинуваат: Орде Ивановски, Војо Кушевски, Љубен Лапе, Александар Матковски, Бранко Панов, Глигор Тодоровски и Славка Фиданова. Главен и одговорен уредник Војо Кушевски. Три члена на Редакцијата се научни работници од ИНИ, а четири од Филозофскиот факултет во Скопје. Членовите и на претходните три редакции беа исклучиво од ИНИ и Филозофскиот факултет, освен во првата од 1965—69 г. во која имаше еден член од Републичкиот завод за унапредување на школството.*) Благодарение на одбраниот состав, ентузијазмот и големото залагање на членовите на Редакцијата, а особено на нејзиниот главен и одговорен уредник проф. д-р Војо Кушевски, Списанието ги постигна набележаните резултати.

*Мислења и предлози*

И во иднина „Историја“ треба да ги следи резултатите, да ја дополнува работата на историчарите, стекнатите искуства и достигања да ги пренесува, поврзува, координира и да ги стиму-

*) Прилогот е доставен отпорано за објавување во Списанието. Оттука составот на сегашната редакција е изоставен од авторот. Таа го објавува прилогот заради неговата погодност со оглед и на јубилејниот — 20 број на „Историја“. (Прим. на ред.).

лира. Од изложените податоци произлегува дека рубриката Настава треба да заземе поголем простор во Списанието за да одговори целосно на основната и најважната цел за којашто е и наменето. Во таа смисла предлагаме:

— Списанието да биде свртено претежно кон наставникот и ученикот. На тој план е потребен чекор напред. Рубриката Настава да биде на прво или второ место, меѓу првите и главни рубрики. Има читатели, истакнати ученици, чии развиток заслужува внимание и би требало нешто од нив да се напише. Досега се нема објавено ниту еден ученички напис. Структурата на читателите бара стилот да биде популарен. Да има и научни прилози, но да се води сметка за учениците, родителите и наставниците.

— Пожелно е Списанието да излегува повеќепати годишно, а со помал број страници (ако дозволуваат финансиските, техничките и стручните можности и услови).

— Досегашното излегување од печат скоро секогаш доцни. Броевите од 1973 г. се уште не се излезени од печат. Со тоа Списанието губи од својот квалитет, доцнат информациите од советувањата, семинарите, симпозиумите и сл., со што се губи актуелноста на написите. Редовното излегување и во повеќе броеви би го зголемило интересот кај читателите и соработниците, а со тоа се зацврстува културата и навиката на следењето на Списанието и нема да дојде до празнина во одреденото време да го немаме при рака.

Во рубриката Прашања и одговори досега се има дадено малку место иако има потреба од многу одговори на повеќе нејасни или сè уште нерасчистени прашања. Се чувствува потреба да се даваат конкретни одговори на некои актуелни, интересни и значајни прашања, поставувани директно до Редакцијата или пак на советувања, семинари и сл.

Бидејќи во новите наставни програми по историја е предвидена обработка на теми од историјата на народностите, потребно е да се објавуваат повеќе написи — стручни и методски, од таа тематика.

Практиката и современата настава по историја бараат да бидат позастапени написите од областа на: историјата и марксизмот, историјата и психологијата, идејноста и патриотизмот, научниот поглед и атеизмот и др. Да презентира нови достигања во наставата по историја: користење нови технички средства, аудио-визуелни наставни средства, убави класични часови, нови облици, форми, методи и методски постапки, секвенци од програмирана настава и сл.

— Да се печатат некои согледувања од заводите за школство во врска со наставната работа по историја во основните и средните училишта: планирањето и програмирањето на наставата, слободната ученичка активност по историја, реализација

на планираните содржини, тешкотии и пропусти, позитивни искуства, како и стручното и методско-педагошкото усовршување на наставниот кадар по историја.

— Како орган на Сојузот на историските друштва од СРМ досега многу малку информираше за нивната активност, проблемите и тешкотиите што ги имаат.

На крајот да го спомнеме и тоа дека би требало уште повеќе отколку досега да се рекламира и пропагира, Списанието преку информативните средства, преку стручните и педагошките списанија кај нас и во другите наши републики, најавувајќи ја неговата содржина и проблематиката.

Покрај забелешките на рубриката Настава и некои досегашни пропусти, ние сме убедени дека Списанието ќе остане и натаму во редот на најквалитетните наши југословенски стручни списанија, дека ќе ги креира тековите на историската настава, ќе ги актуелизира поважните историски настани и ќе биде насушна потреба на сè поголем број историчари, наставници по историја, ученици и љубители на историјата. За стореното и тоа што очекуваме да се стори, треба да им бидеме благодарни нему и на неговата научна мисија. На Редакцијата, а посебно на нејзиниот главен и одговорен уредник, им оддаваме полно признание за напорите што ги вложувале досега кои дадоа богат плод.